БОСИЛОВО

# Република Северна Македонија
# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр.03-257/1
05.02.2025година

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики(Сл.весник на Република Северна Македонија бр.10/2020) и член 41-б од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник бр.21/14) ,општина Босилово на ден 03.02.2025година,објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

1.Со овој јавен повик општина Босилово **ГИ ПОВИКУВА** сите младински организации,политички подмладоци,ученичките и студентските организации и другите облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на општина Босилово,да номинираат свој претставник во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание за млади на општина Босилово и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

2.Иницијативниот одбор е неформална група која има за цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Советот.

- Иницијативниот одбор брои 5(пет) членови и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание на млади.
- По успешно одржување на првата конститутивна седница на Локалното Собранието на млади Иницијативниот одбор се распушта .
- Општина Босилово е задолжена за нивна селекција и работата на истата се координира и помага од страна на службеникот за млади во општината.

**УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР**

- Иницијативниот одбор распишува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на јавност и транспарентност.
- Соработка со општината при организирањето и одржувањето на Конститутивното локално собрание на млади.
- Поддршка на општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот младински совет.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ**

Младински организации,политички подмладоци,ученички и студентски организации како и другите облици на младинско здружување кои се заинтересирани да номинираат свој претставник во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание за млади на општина Босилово и сакаат да учествуваат во основањето на Советот потребно е да ги достават следните документи:

- Портфолио на организацијата/групата/здружението;
- Извештај на активности со млади во изминатата година;
- Писмо со номинација за член во Иницијативниот одбор и контакт информации.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ**

- Годишна програма за работа;
- Кратко мотивациско писмо од страна на номинираното лице и негова кратка биографија.

**РОК И НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Јавниот повик ќе трае **15(петнаесет)дена** сметано од денот на објавување на веб страната на општина Босилово и фб страната на општина Босилово а **најдоцна до 17.02.2025 година(петок).**

Пријавите за членство во Иницијативниот одбор заедно со потребните документи можат да се поднесат лично во Архивот на општина Босилово ,секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот или по пошта на следната адреса:Општина Босилово с.Босилово бб,со назнака“**За јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на ЛСМ:“**

**Лица за контакт:** **- Атанас Карабичаков тел.070 303 799**
**-Мариче Кармазичева тел.075 665 816**
**- Јасна Василева тел.071 307 887**

**Општина Босилово**
**Градоначалник,**
**Ристо Манчев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * Босилово * општина Босилово